**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

# П Р О Г Р А М А
## за активности на Општина Крива Паланка во областа на образование за 2025 година

**КРИВА ПАЛАНКА**
**2024 ГОДИНА**

Врз основа на член 14, став 1, точка 10 и 40 од Статутот на Општина Крива Паланка , (Службен гласник на Општина Крива Паланка бр.8/2010, 12/2010, 8/2014, 02/2018, 03/2019, 08/2021, 01/2023, 05/2023, 14/2023, 05/2024, 09/2024), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден година 06.12.2024 донесе

**ПРОГРАМА**
**за активности на Општина Крива Паланка во**
**областа на образование за 2025 година**

Образованието е еден од клучните елементи од кои зависат квалитетот на социјалниот и економскиот живот во општеството.Образованието претставува дејност од јавен интерес кое фокусирано на индивидуално ниво дава можност за стекнување знаења, вештини, пристап за критичко размислување како и правење избор во насока на подобрување на квалитетот на животот на луѓето од било која возраст и пол (деца, млади и возрасни). На општествено ниво пак, дава можност за севкупен развој на заедницата.

Од тука смислата на децентрализацијата во образованието е да се подобри непосредниот пристап и да се унапреди квалитетот на стандардите во спроведување на образованието, со што се овозможува зголемено учество во процесот на донесување на одлуки и во процесот на управување со училиштата како и ефикасна контрола врз воспитно-образовниот процес и квалитетот на наставата, а се разбира и преземање одговорност за негово финансирање.

**ЦЕЛИ**

Основни цели на оваа програма се:

- Обезбедување активен однос на Советот на Општина Крива Паланка кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните (мажите и жените, момчињата и девојчињата) од областа на образованието,
- Изнаоѓање форми за ефикасно и економично одвивање на образовниот процес,
- Планирање на развојот на образованието,
- Подобрување на условите за обавување на образовниот процес,
- Стимулирање на учениците и ученичките за унапредување на нивните знаења.

**АКТИВНОСТИ**

Активностите на Општина Крива Паланка во областа на образованието во 2025 година ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа:

- Подигање на образовното ниво на младите и возрасните кои се надвор од образовниот систем и зајакнување на нивните стручни и социјални компетенции.
- Елиминирање на можноста од создавање на нови генерации на лица кои се исклучени од образовниот процес.
- Овозможување на едукација, стручно усовршување и мотивација на наставниот кадар.
- Вклучување на родителите и учениците во подготовка на план за управување и активизам во образованието.
- Зголемување на делот на општинскиот буџет наменет за развојни активности во образованието.
- Создавање услови за поефикасно и поекономично одвивање на економскиот процес со реализирање на наредните фази на образование.
- Создавање на услови и креирање на постапки и процедури за субвенционирање на различни категории на семејства со единствена цел помош и поддршка за еднаков пристап и можности на сите ученички и ученици до образовниот процес.

- Создавање услови и креирање на постапки и процедури за стимулирање и субвенционирање на талентирани ученички и ученици со цел нивно натамошно унапредување и усовршување во образовниот процес.

**ФИНАНСИРАЊЕ**

Активностите од областа на образованието утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средства во Буџетот на Општина Крива Паланка за 2025
година, Министерство за образование и наука, сопствени приходи на училиштата и од донации.

При реализирање на Програмата, Советот на Општина Крива Паланка ќе ги поддржи институциите и здруженијата на граѓани кои ќе реализираат проекти од областа на образованието финансирани од други инвеститори-заинтересирани партнери, фондации, бизнис сектор и др.

- **ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ**

Други форми на активности со кои ќе се помага образованието се:

- обезбедување стручна, техничка и друг вид поддршка со кадри и опрема со која располага општината,
- создавање услови за воведување нови образовни профили во образовниот процес,
- зголемување на можностите за професионална ориентација,
- истражувања поврзани со пороците на денешнината (дрога, алкохол и сл) и застапеноста меѓу учениците/-чките,
- анализа на податоците на ученици/-чките кои завршиле основно образование за задолжителноста за упис во средно образование.

- **СПРОВЕДУВАЧ НА ПРОГРАМАТА**

Спроведувањето на Програмата на Општина Крива Паланка во областа на образование за 2025 година е во надлежност на Градоначалникот на Општина Крива Паланка, преку Секторот за правни работи, јавни дејности и поддршка на градоначалникот/ Одделение за јавни дејности.

- **ЗАВРШНА ОДРЕДБА**

Програмата стапува на сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во Службен гласник на Општина Крива Паланка, а ќе се применува од 01.01.2025 година.

**Број 09-6043/3**
**06.12.2024 г.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Изабела Павловска**

**АКЦИСКИ ПЛАН**
**Оперативна, родово сензитивна буџетска програма за ОБРАЗОВАНИЕ за 2025 година**
**на Општина Крива Паланка**

| **Буџетска програма и конто** | **1** | **ЦЕЛ:**<br>-Стимулирање на учениците и ученичките за унапредување на нивните знаења | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати / индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет мкд** |
| **464120 АО** | 1.1 Стипендии за талентирани ученици/чки и студенти/тки | Донесување на Одлука за стипендирање<br>Донесување на Правилник за стипендирање<br>Објавување на Конкурс за стипендирање<br>Склучување на договори | септември | Стимулирање на талентирани ученици/чки, студенти/тки<br>Унапредување и усовршување ı знаењата на учениците/чките, студентите/тките<br>Број на доделени стипендии разделени според пол. | Општина Крива Паланка | **540.000** |
| **464410** | 1.2 Поддршка на талентирани ученици/чки за учество на државни и меѓународни натпревари | Обезбедување на подршка на ученици/чки за учество на натпревари | По потреба | Стимулирање на талентирани ученици/чки,<br>- Број на ученички и ученици кои учествувале на државни и меѓународни натпревари за 2025г. | Општина Крива Паланка | **30.000** |
| | **2** | **ЦЕЛ:**<br>Создавање на услови и креирање на постапки и процедури за субвенционирање на различни категории на семејства со единствена цел помош и подршка за еднаков пристап и можности на сите ученици/чки, студенти/тки во образовниот процес | | | | |
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати / индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет мкд** |
| **421440 Г1** | Субвенциониран превоз на студенти /тки | Донесување Одлука за субвенционирање<br>Донесување на Правилник за субвенционирање<br>Објавување на Конкурс за субвенционирање | **октомври** | - Помош и подршка за студентите/тките<br>- Број на субвенционирани еници за превоз разделен по пол | Општина Крива Паланка | **70.000** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **464990 N1** | Еднократна парична помош на семејства со прваче | Донесување на Одлука за парична помош<br>Поднесување барање<br>Донесување на решение | **септември** | - Помош и поддршка на сите семејства на деца со првачиња<br>- Број на поднесени барање за помош на прваче разделен по пол<br>- Број на донесени решенија за еднократна парична помош за прваче разделен по пол на ученикот/ученичката | Општина Крива Паланка | **450.000** |
| | Обезбедување на топол појадок за сите ученици од прво до петто одделение за ООУ „Илинден“ Крива Паланка и ООУ „Свети Јоаким Крчовски“ Крива Паланка.“ | Донесување на Одлука за утврдување на критериумите и условите за остварување на право на бесплатен топол појадок за учениците на возраст од 6-10 години (прво до петто одделенеие) во основните општински училишта и подрачните училишта во состав на општинските основни училишта | **мај** | - Помош и поддршка на сите семејства на деца на возраст од 6-10 години | Општина Крива Паланка | |
| **464990 N2** | Месечна субвенција за секој ученик кој ќе се запише во прва година во СОУ „Ѓорче Петров“ во Крива Паланка, | Донесување на Одлука за месечна субвенција<br>Поднесување барање<br>Донесување Решение | **септември** | - Помош и поддршка за сите ученици запишани во прва година<br>- Број на поднесени барање за месечна субвенција за ученици во прва година разделен по пол<br>- Број на донесени решенија за месечна субвенција за ученици во прва година разделен по пол на ученикот/чката | Општина Крива Паланка | **3.600 000,00** |
| **464990 N2** | Еднократна парична помош за матуранти/тки запишани во СОУ Ѓорче Петров Крива Паланка | Поднесување барање<br>Донесување на решение<br>Донесување на решение | **април** | - Помош и поддршка за сите матуранти<br>- Број на поднесени барање за помош за матуранти разделен по пол<br>- Број на донесени решенија за еднократна парична помош за матуранти разделен по пол на ученикот/чката | Општина Крива Паланка | **500.000** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **3** | **ЦЕЛ:**<br>-Овозможување на едукација, стручно усовршување и мотивација на наставниот кадар | | | | |
| | | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати / индикатори** | **Носител на активноста** | 
| | | Избор на најуспешен просветен работник/чка | Донесување Одлука<br>Донесување Правилник<br>Објавување на Конкурс | **мај** | - Мотив на наставниот кадар<br>Пол на избраниот кандидат/ка за најуспешен просветен работник/чка за 2025г. | Општина Крива Паланка |
| | **4** | **ЦЕЛ:**<br>-Зголемување на делот на општинскиот буџет наменет за развојни активности во образованието | | | | |
| **464990 Г1** | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати / индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет мкд** |
| | Учество на општината во партнерски проекти | звојни активности во образованието | **тековно** | Подобри услови за едукација размена на искуства, стручно усовршување, мотивација, еирање на процедури, еднаков ристап и еднакви можности за сите<br>- Број на партнерски проекти ои имаат родова компонента во кои учествува општината за 2025г. | | **50.000** |
| | **5** | **ЦЕЛ:**<br>-Социјален дијалог и образование фокусирано на севкупен развој на заедницата | | | | |
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати /индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет мкд** |
| **426990** | Манифестации организирани од основните и средните училишта по разни поводи | Вклучување на родители и ченици/чки во разни манифестации | **тековно** | Број на вклучени ученици/чки о манифестации разделени по пол | | **10.000** |
| **421440 Г1** | Организирана посета на културно-историски настани во градот | лучување на родители и ученици/чки во разни манифестации | **тековно** | - Број на вклучени ученици/чки во настани поврзани со културата и | | **10.000** |

Note: in the first block (ЦЕЛ 3) the columns are shifted by one; the budget for that row is **Буџет мкд: 30.000**.

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | историјата на градот разделени по пол | | |
| 425250 Г1 | 6 | **ЦЕЛ:** -Создавање услови за поефикасно и поекономично одвивање на економскиот процес со реализирање на наредните фази на образование. | | | | |
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати /индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет мкд** |
| | Осигурување за одговорност од предизвикана штета на училишни објекти | Обезбедување, стручна, техничка и друг вид поддршка | тековно | Обезбедено осигурување за одговорност од предизвикана штета на училишни објекти со што се зголемува безбедноста на учениците и ученичките во улиштата (број на ученички/ученици запишани во обезбедените училишта) | Општина Крива Паланка | **60.000** |
| | Блок дотација за основно образование | Одлука за распределба на средства за основните училишта | Тековно 2025 година | Број на ученици разделен по пол во основните училишта на општина Крива Паланка | Министерство за образование и наука | **182.512 000,00** |
| | Блок дотација за средно образование | Одлука за распределба на средства за средното училиште | Тековно 2025 година | Број на ученици разделен по пол во средните училишта на општина Крива Паланка | Министерство за образование и нука | **72.000 000,00** |
| | **Непредвидени трошоци** | | Тековно 2025 година | | **Општина Крива Паланка** | **10.000** |
| | **Вкупно буџет: 259.872 000 денари**<br>**Буџет од Блок дотација: 254.512 000,00 денари**<br>**Буџет од Општина: 5.360.000,00 денари** | | | | | |